Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-300/1
18-03-2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 695/1 од 07.11.2024 година, поднесена од [redacted] од Пехчево, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-695/1 од 07.11.2024 година поднесена од [redacted] од Пехчево **поради неуредност.**

О б р а з л о ж е н и е

[redacted] на 07.11.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) електронски достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-695/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше јасно наведени факти и околности врз кои се темели претставката, а од кои може да се увидат опишани дејствија на потенцијална дискриминација, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 18.11.2024 година, го задолжи подносителот да ја доуреди на претставката.
Подносителот во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Согласно горенаведените причини, се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*
- [redacted]
- *Архива на Комсијата*